# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

**Службен весник на РМ, бр. 88 од 02.07.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" број 111/2008 и 64/2009), во членот 14 алинеите 9 и 11 се бришат.
Алинеите 10, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29 стануваат алинеи 9, 10, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27.

**Член 2**

Во членот 19 алинејата 9 се брише. Алинеите 10, 11 и 12 стануваат алинеи 9, 10 и 11.

**Член 3**

Членот 29 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:
1) не обезбеди редовно и квалитетно одржување на јавната чистота и чистење на снегот на јавни површини во зимски услови (член 7) и
2) постапува спротивно на одредбите од членот 14 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20 на овој закон.
Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице."

**Член 4**

Членот 29-а се менува и гласи:
„Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице кое ќе издаде потврда без извршена општокорисна работа од страна на лицето упатено на извршување на општокорисната работа (член 40 став 5)."

**Член 5**

Во членот 30 броевите: „300 до 600" се заменуваат со бројот „500".

**Член 6**

Членот 31 се брише.

**Член 7**

Во членот 33 се додава нова алинеја 1, која гласи: „- постапува спротивно на одредбите од членот 14 на овој закон,". Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.
По алинеја 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5, кои гласат:
- постапува спротивно на одредбите од членот 19 на овој закон и
- постапува спротивно на одредбите од членовите 20 став 2 и 21 на овој закон."

**Член 8**

Во членот 34 ставот 4 се брише.

**Член 9**

Членот 36 се брише.

**Член 10**

Членот 38 се менува и гласи:

„Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 29, 29-а, 32, 34 и 35 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, а кога ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 30 и 37 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе спроведат постапка за порамнување.

Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе констатираат прекршок од ставот 1 на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.

Сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.

Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на платниот налог.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во платниот налог инспекторите, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување.“

**Член 11**

Во членот 39 став 1 зборовите: "членовите 31 став 5, 33, 34 став 4 и 36" се заменуваат со зборовите: „член 33".

**Член 12**

По членот 39 се додава нов член 39-а, кој гласи:

**"Член 39-а**

Доставувањето на известувањата и одлуките на Комисијата за одлучување по прекршоци се врши согласно со одредбите од Законот од општата управна постапка.

Ако живеалиштето на лицето на кое известувањето или одлуката треба да му се достави е непознато за органот чие писмено се доставува, Комисијата за одлучување по прекршоците ќе го истакне известувањето, односно одлуката на огласна табла во Министерството за транспорт и врски и со истекот на осум дена од денот на истакнувањето на огласната табла во Министерството за транспорт и врски ќе се смета дека доставувањето е уредно."

**Член 13**

Во членот 40 став 1 зборовите: "членовите 31 став 5, 33, 34 став 4 и 36" се заменуваат со зборовите: "член 33".

Во ставот 6 зборовите: „надлежен суд" се заменуваат со зборовите: "пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски".

**Член 14**

По членот 40 се додаваат два нови члена 40-а и 40-б, кои гласат:

**"Член 40-а**

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени со членот 33 од овој закон не може да се поведе ниту да се води ако поминат три години од денот кога е сторен прекршокот.

**Член 40-б**

Изречената прекршочна санкција за прекршоците од членот 33 на овој закон не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена глобата за прекршокот поминале две години."

**Член 15**

Членовите 41 и 42 се бришат.

**Член 16**

Прекршочните постапки започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да се водат според одредбите од овој закон.

**Член 17**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".